Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со МЦМС ја има честа да ве покани да учествувате на основната обука: **„Вклучување на јавноста во процесите на изработка на закони“** . Обуката ќе се одржи во Маврово во хотел Алпина од 26 до 28 мај 2011 година.

Целта на обуката е зајакнување на капацитетите на претставниците на граѓанските организации за достапните алатки за вклучување на јавноста во процесите на изработка на политики и закони и како истите да ги искористат најефикасно. Обуката е дел од проектот кој цели кон придонесување кон развојот на ефикасни и транспарентни механизми за владеење на правото.

Обуката ќе се состои од неколку компоненти како што се: што е политика, вовед во циклусите на донесување на политики, фазите во циклусите на донесување на политики, РИА, фазите во подготовка на законите, консултативните процеси за време на изработката на законите, како и техники за пишување на закони.

Основната обука е наменета за претставниците на граѓанските организации кои немаат искуство во учеството во законодавните процеси.

Сите заинтересирани кандидати треба да ја пополнат пријавата и да ја испратат на следнава е-маил адреса: zaneta.stojkova@osce.org.

**Рок за пријавување е 19 мај 2011 година, до 16 часот.**

Преземете ја пријавата и официјална покана.